13/09.03.2022 рег.
Шеф на Кабинет

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI PREGULLATOR PËR ENERGJETIKË DHE SHËRBIME TË UJIT I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 12-220/4
3.3 2022 год.-viti
Скопје-Shkup

**До:**
**АД МЕПСО**
**Скопје**

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim te energjisë elektrike dhe menaxhim me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 09-03-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 13 | 498/5 | | |

**Предмет: Доставување на Решение**

Почитувани,

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, во прилог на овој допис Ви го доставува следното Решение, донесено на седницата одржана на 3.3.2022 година:

- Решение за одобрување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје за 2021 година;

Со почит,

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULLATOR PËR ENERGJETIKË DHE SHËRBIME TË UJIT I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 12-220/4
03.03. 2022 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 15 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3 март 2022 година донесе

## РЕШЕНИЕ

### за одобрување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје за 2021 година

1. Со ова решение се одобрува Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје за 2021 година доставен од службеникот за усогласеност.
2. Годишниот извештај од точка 1 на ова решение службеникот за усогласеност да го објави на веб страницата на АД МЕПСО Скопје.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

## Образложение

Врз основа на член 74 став (8) точка 15) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), службеникот за усогласеност на операторот на електропреносниот систем, Оператор на електропреносен систем, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (во понатамошниот текст: АД МЕПСО Скопје), на 28 јануари 2022 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави на одобрување Годишен извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје за 2021 година (во понатамошниот текст: Годишен извештај) бр. 12-220/1 од 28 јануари 2022 година.

Регулаторната комисија за енергетика го провери доставениот Годишен извештај и на 9 февруари 2022 година до службеникот за усогласеност достави забелешки за дополнување на Годишниот извештај бр. 12-220/2 од 9 февруари 2022 година. Службеникот за усогласеност на 24 февруари 2022 година до Регулаторната комисија за енергетика достави дополнување на Годишниот извештај бр. 12-220/3 од 24 февруари 2010 година.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на 3 март 2022 година одржа седница на која го донесе Решението за одобрување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје за 2021 година.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр.12-220/4**

**3 март 2022 година**

**Скопје**

**Претседател на**

**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

Изработил: Елена Колевска
Одобрил: Никола Николиќ

Прилог:

- Годишен извештај на службеникот на усогласеност на АД МЕПСО Скопје за 2021 година бр. 12-220/3 од 24 февруари 2022 година